**ЗАПИСНИК**
**од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 20.01.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, Катерина Доневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со дополнителниот материјал кој членовите на Советот го добија преку електронска пошта, објасни дека во предложениот Дневен ред ќе се додаде уште една точка под број 3 со наслов „Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата на ТВ Шутел од Скопје", а останатите точки кои следат ќе се поместат за еден број погоре.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 09.01.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.01.2023 година.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата на ТВ Шутел од Скопје.
4. Предлог за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување на определено време, со предлог - одлука и предлог - јавен оглас.

5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Виртуелизација и соодветна опрема.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 46-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 09.01.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.01.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата на ТВ Шутел од Скопје. Објасни дека кај овој радиодифузер доста долг временски период и после промената на сопственоста се појавија сериозни проблеми во комуникацијата и непочитување на одредбите од Законот. Минатиот период имаше и неколку јавни опомени и му беа изречени и прекршочни пријави. Во врска со овој конкретен случај објасни дека веќе подолго време ТВ Шутел не ги исполнува минималните кадровски услови а комуникацијата со него се одвива многу тешко и постојано изнаоѓа изговори зошто не ги доставил потребните документи. Со оглед на тоа дека нема доставено документи за соодветниот број на вработени во телевизијата со високо образование, се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата а во наредните 15 дена ќе има можност да ја достави потребната документација и да се запре постапката или ќе му се одземе дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година.

Г-дин Петрушевски посочи уште денес да се информира радиодифузерот за покренувањето на постапката и за 15-те дена кои почнуваат да течат. Се надева дека ќе успее да го реши овој проблем и другите пропусти кои ги навел директорот и дека ќе продолжи со работа.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување на определено време, со предлог -одлука и предлог - јавен оглас. Објасни дека една од вработените во Секторот за правни работи и јавни набавки замина на породилно отсуство и за да се покрие тој период од 10 месеци согласно Законот се предлага да се распише оглас за вработување на еден извршител на определено време заради замена. Посочи дека со ова нема да има зголемување на бројот на вработени туку само трансформација од Агенција за времени вработувања во вработување на определено време за период од 10 месеци.

Г-дин Петрушевски појасни дека Советот дава одобрување а останатите работи како јавниот оглас ги носи директорот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за распишување на јавен оглас за засновање на работен однос и спроведување на постапка за вработување во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за Соработник за регулатива и аналитичко правни работи во Одделението за нормативно-правни работи, при Секторот за правни работи и јавни набавки, 1 (еден) извршител на определено време, за замена на привремено отсутен работник до негово враќање, за период од 10 (десет) месеци.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Јавниот оглас да го објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици. Објасни дека станува збор за стандардна набавка. Техничката спецификација е идентична со спецификацијата од минатата година и рече дека доколку се сеќаваат членовите на Советот, имаше состанок со дел од радиодифузерите кои побараа да има построги критериуми со цел да се избере реномирана фирма која што ќе го врши мерењето на гледаноста. Минатата година скоро и да немаше забелешки и поплаки од радиодифузерите во однос на резултатите од анкетите што ги правеше операторот кој тогаш беше избран. Се надева дека и оваа година ќе се јават само реномирани компании кои што професионално и сериозно ќе ја извршат оваа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски рече дека се сеќава на одржаниот состанок и всушност затоа и проценетата вредност без ДДВ за оваа јавна набавка се покачи. Објасни дека е добро тоа што после објавените минатогодишни резултати радиодифузерите биле задоволни.

Г-дин Трајчев рече иако Советот гласа за даде одобрување за утврдување на потреба а понатаму спецификацијата, начинот, процедурата и постапката се во надлежност на директорот и Агенцијата, сепак со оглед на тоа дека на увид се дадени материјалите, принципиелно како и многу пати до сега ќе го каже неговиот став дека лично не се согласува со дадениот однос помеѓу квалитет 80 бода и цена 20 бода. Се изјасни дека ќе даде согласност за јавната набавка во делот на потреба но укажува на начинот како е даден односот помеѓу квалитет и цена кој според него не е правилно. Му укажа на директорот да го преиспита ставот во врска со ова.

Г-дин Петрушевски рече дека најверојатно и минатата година беше ваков односот помеѓу квалитет и цена и исто така и тогаш г-дин Трајчев ја дал истата забелешка.

Г-дин Трајчевски објасни дека оваа јавна набавка е многу значајна и затоа пред се повеќе е важен квалитетот а помалку цената, бидејќи кога се одеше со единствен критериум цена, се јавуваа компании кои беа формирани 10 дена пред објавување на јавната набавка, нудеа ниска цена а за резултатите имаше премногу забелешки од радиодифузерите. Од таа причина се одржа минатогодишниот состанок каде што радиодифузерите побараа да се избере реномирана компанија која на соодветен начин и со висок квалитет ќе може да ја изврши јавната набавка. Од таа причина во 2022 година се измени техничката спецификација и се дава поголемо значење на квалитетот во однос на цената, односно не само на цената.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека ќе ја поддржи јавната набавка онака како што е предложена.

Г-дин Фиданоски рече дека внимателно гиислушал искажувањата на г-дин Трајчевски и на г-дин Трајчев и дека ќе даде поддршка за предложената јавна набавка. Објасни дека од кога се членови на Совет се залага за некои од набавките а оваа е една од нив, така наречени сензитивни набавки. Неговиот принципиелен став по ова прашање е да се направат критериуми кои што ќе дадат можност да се вклучат во јавната набавка или да се пријават компании кои навистина се реномирани за нашето поднебје и кои што ќе можат да направат квалитетно истражување кое во текот на целата година е употребливо и се употребува од различни субјекти. Наведе еден пример кога телефонски бил повикан од негова бивша колешка која сега работи во една институција и побарала одредени податоци. За таа цел ја упатил на ова истражување за да ги види гледаноста, досегот и што најчесто се гледа како програма. Појасни дека во текот на целата година практично ова истражување е во употреба и од тие причини треба да биде квалитетно изработено и да дава реален приказ на состојбата воопшто во медиумскиот пејзаж. Од тие причини иако на прв поглед изгледа драстична таа дискрепанција помеѓу односот на цена и квалитет, но смета дека ќе се привлече вниманието на компаниите кои се заинтересирани а се во овој бизнис да се пријават и да дадат понуди кои на крајот ќе придонесат да се избере најдобрата и да се добие квалитетно истражување.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Податоци за

досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Виртуелизација и соодветна опрема. Објасни дека набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година а средствата се обезбедени во Финансискиот план за оваа година. Според проценетите средства оваа набавка ќе се спроведе како отворена постапка со објавување на оглас на електронскиот систем на јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Како критериум за доделување на овој договор ќе биде најниската цена а во однос на сите други податоци рече дека се содржани во материјалите кои се доставени по оваа точка.

Г-дин Петрушевски рече дека од стручен аспект ја разгледал техничката спецификација за која рече дека е интересна и му се допаднала како е изработена од страна на колегите од ИТ Секторот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: Виртуелизација и соодветна опрема.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Виртуелизација и соодветна опрема е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-255/6

27-01 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**